**ГРУПАЦИЈА НА ПАЗАРИ**
Регионална конференција за пазари
25-26.11.2015 год. Белград, Република Србија

**Информација од реализирано учество на Регионалната конференција за пазари и посета на пазарите во Белград, Република Србија на 25 и 26.11.2015 година.**

Групацијата на пазари при Здружението на комуналните дејности во рамките на Стопанската комора на Македонија, со група претставници од неколку компании организатори на пазари (ЈКП Дервен од Велес, ЈП Градски Пазар, Охрид, ЈКП Исар Штип, ЈП Комуналец Кавадарци, ЈКП Тетово, Тетово и АД Скопски пазар, Скопје), учествуваше на Регионалната конференција за дејноста пазари, што се одржа на 26.11.2015 година во Белград, Р. Србија.





На Конференцијата, покрај домаќините, организатори на пазари од Србија, учествуваа и организатори од Црна Гора и од Република Српска. На Конференцијата секоја земја поединечно ги претстави условите во кои стопанисуваат пазарите, законската рамка, перспективите за развој. Беа разменети искуства околу начините и можностите за нови инвестиции преку јавно приватно партнерство, аплицирање на проекти од ЕУ-фондови и сл., согласно веќе реализираните јавни приватни партнерства и моделот на приватизирање на пазарите.






**ГРУПАЦИЈА НА ПАЗАРИ**

Регионална конференција  за пазари

25-26.11.2015 год. Белград, Република Србија

Со цел користење на светските искуства, бенефициите, доделување грантови, аплицирање за средства од фондови и сл., на Конференцијата беше потенцирано дека регионот мора да стане член во Светската асоцијација за пазари, од каде би се добивале соодветни и навремени информации за можностите за обезбедување финансиски средства за нови инвестиции, начини на модернизација, примена на меѓународни стандарди, процедури и сл. Во таа насока, беше договорено во следниот период, три асоцијации за пазарите, да се здружат во регионална асоцијација која понатаму во таков облик ќе аплицира за членство во Светската асоцијација.

Во рок 6 месеци ќе треба да се реализира нов регионален состанок на кој би се официјализирала регионална асоцијација.

Во рамките на дводневната посета на Белград, беше реализирана и посета на два модернизирани пазара во главниот град на Р. Србија (Зелени Венац и Блок 44), со кои стопанисува ЈП „Пазари“ - Белград. Целта беше да се согледаат начините на кои пазарите се модернизирани, со цел примена на искуството на пазарите во Македонија. Во рамките на активноста, организирана преку Групацијата на пазари при Здружението на комуналните дејности во рамките на Стопанската комора на Македонија, учествуваа 12 претставници од 6 комунални претпријатија и трговски друштва. Инаку, ЈП Градски пазари Белград стопанисува со 34 објекти ( 31 зелен пазар, 3 стоковни куќи), располага со 12.000 тезги, 4.000 дуќани, а реализира од 8 до 10% годишен раст на приходите.

Пазарот “Зелени венац” е лоциран во центарот на градот, претставува споменик на културата има сопствен подземен  паркинг, модерно опремени биксови за складирање лоцирани во самиот подземен паркинг, модерна инфраструктура за одржување на чистотата.





**ГРУПАЦИЈА НА ПАЗАРИ**
Регионална конференција за пазари
25-26.11.2015 год. Белград, Република Србија






Пазарот “Блок 44” е лоциран во Нови Белград. Станува збор за модерен пазар, изграден по најсовремени стандарди. Само 10 до 15 % од вкупниот број закупци на тезги може да бидат тезги закупени за трговија со не прехранбени производи.










**ГРУПАЦИЈА НА ПАЗАРИ**

Регионална конференција за пазари

25-26.11.2015 год. Белград, Република Србија

Ваквите активности во рамките на Групацијата на пазарите при Комората се со цел и во Македонија да се изготви стратегија за пазарите. За да се реализира оваа идеја, потребно е инволвирање од повеќе засегнати страни, како и обезбедување финансиска поддршка (преку проект, донација и сл.), со цел дефинирање на улогата и значењето на пазарите во рамките на вкупната економска и трговска активност во земјата.

Во оваа насока, на регионално ниво Групацијата на пазари при Комората изминатите неколку години активно одржува контакти со пазарите од регионот, се реализираат состаноци, работилници, со цел модернизација на дејноста согласно светските трендови.

Даниела Михајловска Василевска